# 24. ДОСТА ВРЕМЕ ЕРГЕН ОДЕВ




**1. Доста време ерген одев,**
**доста лични моми водев,**
**дојде време да се женам,**
**овој живот да го сменам.**

**Рефрен:**
**2. Aj нек се пее, нек се пие**
**машко оро нек се вие,**
**нек се пее, нек се пие**
**машко оро нек се вие.**

**3. Стара мајко сватој кани,**
**нека бидат се одбрани**
**викни зурли и тапани,**
**стара мајко оро фани.**

**Рефрен:**
**Aj нек се пее, нек се пие .....**

**4. Точи мајко, точи вино,**
**и ракија, бардаклија,**
**сети мајко за три сина**
**дигни мајко тешковина.**

**Рефрен:**
**Aj нек се пее, нек се пие .....**